АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ **ЕУРОЛИНК – СКОПЈЕ**

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И

## ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

**-Пречистен текст-**

### Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1)Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за колективно осигурување на пензионери од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за колективно комбинирано осигурување од последици на несреќен случај, кој договарачот го склучил со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк  Скопје (во понатамошен текст:осигурувач).

(2)Договарач на осигурувањето можат да бидат сите правни лица.

### Член 2 - СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

(1) По овие Дополнителни услови можат да се осигуруваат пензионери без оглед на годините на старост и здравствената состојба и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9. став (3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучени од осигурување.

### Член 3 - НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

(1) Договор за колективно комбинирано осигурување на пензионери од последици на несреќен случај може да се склучи по список со назначување на името и презимето и годината на раѓањето.

### Член 4 - ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

(1)Ако во полисата не е поинаку договорено, осигурувањето започнува во 24,00 часот на оној ден кој е означен како почеток на осигурувањето и престанува во 24,00 часот на оној ден кој во полисата е наведен како ден на истек на осигурувањето.

(2)Ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, договорот за колективно комбинирано осигурување се продолжува од година во година се додека една од договорните страни не го откаже во смисла на член 8 од овие Дополнителни услови.

(3)За работниците кои се пензионирани по почетокот на осигурувањето означено во полисата, осигурувањето им започнува во 24 часот оној ден кога им престанал работниот однос кај договарачот на колективно осигурување на работници, поради одење во пензија, под услов тоа договорувачот да го пријави кај осигурувачот во рок од 30 дена.

(4)Договорот за осигурување престанува за секој осигуреник во 24,00 часот оној ден кога ќе поднесе писмено барање дека не сака да биде осигурен или договорот престанал по друг основ.

### Член 5 - ОСИГУРЕНА СУМА

(1) Осигурената сума означена во полисата е највисокиот износ до кој осигурувачот е во обврска за секој одделен осигуреник.

### Член 6 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

Обврската на осигурувачот по основ на осигурување од последици на несреќен случај се регулира со одредбите на членовите 5, 8, 9 и 10 од Општите услови.

### Член 7 - НАЧИН И РОКОВИ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

(1)Пресметување на премијата се врши, во рокот означен во полисата за осигурување според фактичкиот број на осигурениците.

(2)Премијата се плаќа однапред за времето утврдено во полисата, доколку поинаку не е договорено.

(3)Постои обврска на осигурувачот спрема осигурувањето и во случај кога договарачот не ја платил премијата во рокот означен во полисата, ако осигурениот случај настанал за времетраење на осигурувањето во смисла на членовите 6 и 19 од Општите услови.

(4)Конечна пресметка на премијата се врши на крајот на траењето на годината на

осигурување. За пензионерите кои пристапуваат во текот на траењето на осигурувањето се плаќаат онолку дванаесеттини од годишната премија колку што месеци е на сила нивното осигурување до истекот на годината на осигурување.

(5)Договарачот е должен на осигурувачот да му ја стави на увид евиденцијата и документацијата од која може да се утврди бројната состојба на пензионерите, како и висината на пресметаната и уплатената премија.

**Член 8 - РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

(1)Секоја договорна страна, доколку договорот не престанал од некои други причини, може да го раскине договорот за колективно осигурување на пензионери со неодредено траење.

(2)Раскинувањето на договорот се врши по писмен пат најмалку три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето.

**Член 9 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овие Дополнителни услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/35 со примена од 25.02.2003 година и измените и дополнувањата донесени од Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје на 100-тата седница одржана на 28.12.2020 година со одлука бр. 0202-12357/12 со примена од 01.01.2021

Скопје, декември 2020